# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДРУШТВОТО ВО ДЕЛОВНАТА 2010 ГОДИНА

ФЗЦ 11 Октомври основана е во далечната 1953 година, а првите искуства во областа на производството на цевки од челичен лим ги бележи во 1956 година.

Почетниот производен програм го сочинуваше широк асортиман на разновидни производи, каде што покрај заварени челични цевки се произведуваа и лимени конструкции, производи за домаќинство, угостителство и.т.н.

Меѓутоа, набргу од 1958 година Фабриката ја согледа потребата за специјализирано производство, кое од тогаш е насочено кон високо сериско автоматизирано производство на заварени челични цевки и профили од сите видови и димензии.

Денеска ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово претставува гигант не само на овие простори туку и многу пошироко, со препознатливи производи од признаен квалитет према најновите национални, европски и светски стандарді( DIN, BS, NF, UNI, GOST, EN, ISO, API, ASTM и.т.н.).

Разновидноста на формите и можноста за избор на челикот, отворија нови домени на примена, овозможувајќи им дури и на малите корисници да пристапат кон нивната употреба. Развојот во транспортот на флуиди и примена на цевоводи со цементна, епокси и полиетиленска заштита, ја диктираше експанзијата во областа на спроводни цевки. Истовремено, високата градба, индустриските, аграрните и спортските објекти, индустријата за транспортни средства, градежната браварија и изградба на сообраќајници, се само некои од можностите за употреба на цевки и профили како конструкциони елементи.

Иако најголемиот дел од производите се извозно ориентирани на пазарите во Западна Европа, во последната деценија во услови на големи политички, економски и социјални промени и трансформации, како и воени кризи и конфликти, Фабриката успеа не само да го задржи стекнатото реноме, туку и да постигне значителни резултати во обезбедување со квалитет, што се огледа во бројни сертификати од реномирани контролни институции ( ISO 9001, ISO 14001, ISO 18001, API, TUF, U. BIREAU VERITAS, Germanischer Lloyd и.т.н.).

Фабриката е организирана во 7 (седум) Работни единици и тоа:

- Валавница за цевки и профили
- Валавница за надолжно заварени цевки
- Валавница за средни цевки и профили
- Инженеринг

- Техничко технолошки работи
- Комерцијално и економско финансиски работи и
- Правни, кадровски и општи работи.

Управувањето во Фабриката е организирано според едностепен систем, и со неа управува Одбор на директори. Истиот се состои од 9 члена, од кои што 3 члена се извршни директори а 6 члена се неизвршни директори.

По истекот на секоја деловна година според член 352, став (1), од Законот за трговските друштва Извршните членови на Одборот на директорите се должни до Одборот на директори, покрај годишна сметка и годишни финансиски извештаи, да поднесат и Годишен извештај за работењето на друштвото во претходната деловна година.

Како многу години порано така и во деловната 2010 година Фабриката работеше во услови на неповолна економска и политичка состојба и неповолни услови на стопанисување во земјата и регионот кој не опкружува. Сите овие години Фабриката се движеше по пат исполнет со низа турбуленции. На тој пат имаше подеми но и тешки моменти на опстојување кои беа последица на надворешни влијанија, кои не можеа да се избегнат, како распадот на поранешната држава, блокадата од Грција, општата економска состојба во транзицискиот период и во последно време глобалната криза.

Соочени со реалната состојба, во која втора година по ред се најде Фабриката, само можеме да констатираме дека светската економска криза која во текот на 2009 година направи вистинска хавариија врз светската економија и светското стопанство, од што не беа поштедени ни најразвиените и најбогатите земји во светот, продолжи и во текот на целата 2010 година. Според мислењето на повеќето стопанственици полош период за бизнисот од 2010 година не се памети. Дури и 2009 година, кога кризата беше во полн ек, беше значитекно подобра во споредба со годината што измина.

Состојбата во Р. Македонија воопшто не беше лесна а најавите дека и 2010 година за челичната индустрија ќе биде исто толку лоша како и 2009 година во потполност се оствариja. Според Државниот завод за статистика, индустриското производство во Р. Македонија во 2010 година забележи намалување во однос на истиот период лани за 4% а најголем пад од 52% е регистрирано кај производство на метални производи и електрични машини. Анализата на пазарот уште на почетокот од годината предвиде дека и во текот на 2010 година во светот нема да се почувствува зголемување на инвестициската активност , што се покажа како точно. Како последица на тоа главната извозна гранка, металната индустрија, која остварува 40% од извозот во Р. Македонија и заедно со дејностите што се поврзани со неа остварува 12% од домашниот бруто – производ, и во текот на 2010 година се соочи со сериозни проблеми во своето работење.

Стопанствениците од земјава се жалат дека не само што немаше подобрување на економската состојба, туку во изминатава 2010 година работата уште повеќе им се намали поради малата побарувачка на нивните производи како на домашниот така и на странските пазари.

Европската економија, од која зависат извозните резултати на македонските компании, во текот на 2010 година се соочи со големи финансиски проблем кај некои нејзини членки што во голем дел влијаеше врз намалување на нарачките кај нашите трговски партнери и пад на производството во одделни сектори. Ако во текот на изминатава деловна година САД и Европа не успејаа да се справат со криза и покрај огромните сретства што ги потрошија за заздравување на економиите, тогаш што можеме да очекуваме од металската индустрија во Македонија чии главни негативни карактеристики, кои се однесуваат и на Фабриката се:

- Суровинска зависност од увоз
- Релативно застарена опрема и пониска продуктивност
- Ретки нови инвестиции и недоволно инвестирање во модернизација на опремата и пред се
- Големо влијание на глобалните пазарни движења поради зависноста од увоз и претежната извозна ориентираност

Сето ова кажува дека мора многу повеќе да се работи на надминување на слабостите во металопреработувачката индустрија за да истата се издигне на повисоко ниво. Македонија како држава, од економски аспект, со глобалната криза изгуби многу зошто директно беа погодени дејностите кои се всушност главните столбови на домашната економија и главните носители во трговската размена со странство.

Ако се осврнеме на Компаниите од нашето опкружување со кои соработуваме или се дел од челичната и металопреработувачката индустрија, можеме да кажеме дека и тие во текот на 2009 и 2010 година во голем дел беа зафатени од светската економска криза. Овие гранки, како носители на економскиот раст последниве години, беа најпогодени од рецесијата во развиените земји бидејќи поголем дел од нивното производство оди на тамошните пазари.

Така во челичарницата Макстил, потоа Силмак, Факом, Скопски легури, Ладна Валавница-Скопје, како дел од водечката групација за производство на челик во светот – Арцелор Миттал, и други, каде што имаше намалување на бројот на вработрните и значително намалена искористеност на производните капацитети, полека ситуацијата се менува на подобро. Има извесно заживување на производството со рестартирање на дел од производните капацитети кои претходно целосно беа запрени, потоа не се забележани нови отпуштања на работници а во Силмак и Скопски легури веќе на работа се вратени над 1.000 работници.

И покрај ваквите случувања, сепак, сеуште е рано да бидеме убедени дека фирмите излегоа од кризата предизвикана од светските економски текови. Опасности по економијата и работниците постојат, тие можат да потраат, а негативните последици да бидат изразени и во претстојниот период.

И другите компании кои што се сродни на нашата, како што се USSteel од Србија, Кошице, Миттал – Зеница, Кремиковци и други, во текот на 2010 година работеа со намалена искористеност на своите производни капацитети.

Значи состојбата воопшто не е лесна, и што е најбитно, нема сериозни индикатори што покажуваат дека 2011 година ќе биде година на поголемо заздравување на Македонската економија. Стопанствениците се претпазливи во предвидувањата. Според нив, берзите се нестабилни, пазарот е нестабилен, нарачките сеуште се на ниско ниво поради малата потрошувачка во земјава и во странство, додека цените на суровините и на енергенсите се во постојан пораст. Тоа и неповолното економско опкружување, велат стопанствениците, дополнително ќе ги зголемува трошоците и ќе го намалува производството. Ако продолжи тој тренд, според нив, македонската економија ќе се најде во уште подлабока криза и тие би биле задоволни ако во текот на 2011 година успеат да го стабилизираат производството на ниво на преживување.

Порастот на цените на нафтата и на златото на светскиот пазар само потврдуваат дека не се очекува подобрување на економски план ниту во поразвиените земји во светот.

Кога се работи во вакви услови на стопанисување каде што нема некој голем простор за поамбициозни остварувања, основен приоритет и оваа година беше да се овозможи нормално одвивање на процесот на производство со истовремено намалување на трошоците на производство по единица производ како многу битен фактор за опстанок во услови на светска економска криза и зголемена конкуренција на пазарот, како и изнаоѓање нови и задржување на постојните пазари и купувачи со континуирано продолжување на старите и склучување нови договори за испорака на цевки и профили.

Во текот на 2010 година Фабриката работеше на неколку проекти:

- Изведување на машинско – монтажни работи на гасоводниот систем ГАМА АД Скопје
- Доводен цевковод за наводнување на левиот брег на реката Вардар И дополнивање на езерото Младост на ЈП за Водостопанство ЛИСИЧЕ Велес.
- Испорака на цевки за гасоводи во Р.Србија и Р.Бугарија.

Што се однесува до нашето учество во мешовитото претпријатије во Комотини-Грција, со добиено Решение од Министерство за надворешни работи на Р.М.каде е монтирана старата Линија Sundvig за производство на цевки, прашањето околу легална работа на нашите работници таму и понатаму останува отворено бидејќи овој проблем во целост треба да биде разрешен на државно ниво со потпишување договор помеѓу Република Грција и Република Македонија. Најверојатно по разрешување на спорот околу името ќе биде решен и овој проблем, додека истовремено грчкиот партнер работи со другите производни линии кои се негов влог во мешовитото претпријатие.

Во однос на политиката на вложувања за одржување и за подршка на успешноста во работењето на друштвото можеме да кажеме дека во текот на 2010 година Фабриката има вложено 2.546.523,00 денари што е за 40% помалку во однос на 2009 година. Најголем дел од овој износ е вложен во набавка на опрема за редовно одржување и нормално одвивање на процесот на производство.

Со оглед на повеќегодишните неповолни услови на стопанисување во земјата и нашето опкружување, кога оствареното производство и реализација се на граница на опстанок на Фабриката, не постои економска и пред се финансиска можност за поголеми вложувања во доопремување и модернизација на процесот на производството.

Поголема инвестиција последниве години беше набавка на опрема за адаптација на инсталација за природен гас и нејзина монтажа со што Фабриката се вклучи во системот на гасификација и е меѓу мал број фирми што успеа да ги искористи предностите на природниот гас.

Во услови кога со години наназад нераспределената добивка во Фабриката е на минимално ниво тогаш не останува многу простор за некои поконкретни решенија во политиката на дивиденди. Кога ќе се променат условите кои се јавуваат како ограничувачки фактор за поголема успешност во работењето на Фабриката и кога Фабриката нормално ќе работи тогаш многу повеќе ќе можеме да зборуваме за политиката на дивиденди.

Како во изминативе така и во текот на деловната 2010 година Фабриката во најголем дел работеше со сопствени извори на средства.

Потребите за набавка на основниот репроматеријал ги покрива деловната банка со издавање плативи гаранции на основ хипотека дадена на дел од основни средства за одобрен рамковен кредит од цирка 9.000.000 ЕВРА за 2011 година.

Што се однесува до политиката на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина можеме да кажеме дека Фабриката нема поголеми долгорочни долгови и во последниве години работи со краткорочни задолжувања.

Менаџментот на Фабриката прави максимални напори политиката на управување со ризик да биде сведена на најмала можна мерка. Во прилог на ова е фактот што сите поголеми зделки Фабриката ги решава во директна врска со нашите партнери а зделките со заинтересирана страна преку наше учество како кооперант со други учесници на тендери во државата и надвор од државата.

Изгледите за идниот развој на Фабриката и активностите во сферата на истражувањето и развојот меѓу себе се испреплетуваат и надополнуваат. Активностите во сферата на истражувањето и развојот се насочени пред се кон истражување на пазарите за изнаоѓање нови можности за примена на нашите производи па аналогно на тоа и изгледите за идниот развој се темелат на доопремување на опремата и усовршување на производната програма према барањата на пазарот.

Во текот на 2010 година Фабриката нема стекнато сопствени удели ниту сопствени акции.

Месечните примања на Извршните членови на Одборот на директори се согласно Договорите за утврдување на правата, обврските, одговорностите, платата и другите примања на Извршните директори.

На нето плата, како и за останатите вработени, се плаќа персонален данок и останати со Закон пропишани придонеси и надоместоци од плата.

Посебни бонуси за Извршните директори нема.

Извршните директори немаат посебно осигурување освен колективното осигурување со кое се опфатени сите вработени во Фабриката.

Месечните примања на Неизвршните членови на Одборот на директори во текот на 2010 година беа во износ од 20.000,00 ден. за Претседателот и по 15.000,00 ден. за останатите членови.

На нето примања на Неизвршните директори се плаќа персонален данок според утврдените законски прописи.

Во почетокот на 2004 година беше донесена одлука за отварање на стечајна постапка спрема Експорт-Импорт банка АД Скопје а побарувањата кои ФЗЦ 11 Октомври АД-Куманово ги има спрема банката во стечај беа уредно и на време пријавени.

На 23.02.2005 година Фабриката доби решение со кое се утврдуваат побарувањата на доверители и во кое на Фабриката од вкупно 672.010.928,00 денари и се признаваат 574.964.338,50 денари а се оспоруваат 97.046.589,50 денари од страна на стечајниот управник на Експорт-Импорт банка.

Стечајната постапка се уште е во тек и се очекува нејзино завршување и разрешување во корист на Фабриката со што ќе се создадат услови за нормално работење и функционирање на Фабриката.

Исто така имаме утврдени стечајни побарувања и од Југосуровина Скопје на износ од 6.657.512 ден, од Југтурист Куманово на износ од 5.510.127 ден. и од Искра Куманово на износ од 4.523.600 ден. и наплатата на овие побарувања е во тек.

ОСНОВНИ ПОКАЗАТЕЛИ ВО ФИЗИЧКИ ОБЕМ

| | | 2009 год | 2010 год | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1.Остварено производство | - | 16.613 тони | 15.340 тони | 92 |
| 2.Остварена реализација | - | 19.882 тони | 15.690 тони | 79 |
| Од тоа : Извоз | - | 14.083 тони | 11.459 тони | 81 |
| Домашен пазар | - | 5.799 тони | 4.231 тони | 73 |
| 3.Работна сила | - | 964 | 946 | 98 |
| 4.Продуктивност на трудот | - | 17 | 16 | 94 |

Оствареното производство во 2010 година во однос на истото од 2009 година е намалено за 8% и по неколку релативно добри години со произведени 50.000 тони цевки и профили, а во 2008 година 35.000 тони, производството од 16.613 тони во 2009 година и

15.340 тони во 2010 година е на ниво на производство во почетните години од постоење на Фабриката.

Глобалната светска економска криза која во текот на целата 2009 и 2010 година направи вистинска хаварија во светската економија, многу негативно се одрази на оствареното производство и реализација во физички обем кои се далеку од предвидените но и од остварените во предходните години.

Со драстично намаленото производство во деловната 2010 година, ангажираноста на производните капацитети е уште на пониско ниво од претходните години што пак во најголем дел е условено од побарувачката на пазарот за комерцијална програма на производите од РЕ ВЦП, од однапред склучените договори за испорака на цевки и профили од РЕ ВСЦП, и тоа во најголем дел за Европскиот пазар, но се повеќе и за земјите од поранешни ЈУ простори каде се отвараат нови работи и од нашето учество на одредени проекти за асортиманот на производи од РЕ ВНЗЦ, но сето тоа во крајна линија условено и од можноста за набавка на потребниот репроматеријал.

ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО ПО РЕ ЗА 2010 ГОДИНА
ВО ОДНОС НА 2009 ГОДИНА Е СЛЕДНОВО:

| Ред Бр. | Р.Е | 2009 год. | | 2010 год. | | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тони | % на учество | тони | % на учество | |
| 1 | ВЦП | 7.772 | 47 | 8.523 | 55,5 | 110 |
| 2 | ВНЗЦ | 180 | 1 | 388 | 2,5 | 216 |
| 3 | ВСЦП | 8.661 | 52 | 6.429 | 42 | 74 |
| | **ВКУПНО** | **16.613** | **100** | **15.340** | **100** | **92** |

РЕ ВЦП со остварено производство од 8.523 тони, РЕ ВНЗЦ со 388 тони и РЕ ВСЦП со производство од само 6.429 тони, по покривање на своите трошоци и заедничките трошоци на непроизводните работни единици, во текот на 2010 работеа на најдолната скала од прагот на рентабилноста.

Погледнато по Работни единици во вкупно остварено производство од 15.340 тони РЕ ВЦП учествува со 55,5%, РЕ ВНЗЦ со 2,5% и РЕ ВСЦП со 42%.

Производството во РЕ ВЦП во 2010 година во однос на 2009 година е зголемено за 10% а кај РЕ ВНЗЦ производството на цевки е зголемено за 116%. Во РЕ ВСЦП каде повеќе години station наназад производството беше стабилно со тенденција на постојано зголемување, последниве две години бележи голем пад и оваа година е намалено за 26% во однос на оствареното во 2009 година. Производите од оваа Работна единица се наменети за познати купувачи по однапред склучени договори и тоа во најголем дел за земјите од Европската Унија од каде што побарувачката во текот на 2009 и 2010 година беше драстично намалена.

Доколку го анализираме оствареното производство по квартали во текот на 2010 година:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I | - | 3.014 | тони | 20% |
| II | - | 5.022 | " | 33% |
| III | - | 3.740 | " | 24% |
| IV | - | 3.564 | " | 23% |
| | | 15.340 | тони | 100% |

ќе забележиме дека во првиот квартал е остварено производство од 20%, во вториот квартал 33%, во третиот квартал 24% и во четвртиот квартал 23%.

Остварената продукивност на трудот во текот на 2010 година изнесува 16 тони цевки и профили по работник и во споредба со 2009 година истата е пониска за 6%.

Во текот на деловната 2010 година Фабриката оствари реализација од 15.690 тони цевки и профили и во споредба со 2009 година истата е помала за 21%..

Во споредба со оствареното производство реализацијата е поголема за 2% што значи дека е продадено целокупното производство и дел од залихите на готови производи.

Од вкупно остварена реализација во износ од 15.690 тони цевки и профили, 11.459 тони или 73% се продадени на странскиот пазар а 4.231 тон или 27% се продадени на домашен пазар.

Во споредба со 2009 година извозот е намален за 19% а реализацијата на домашен пазар за 27%.

Од извезените 11.459 тони цевки и профили само 4.042 тони или 35% се извезени во земјите од Европската Унија а 7.417 тони или 65% се извезени во поранешни ЈУ Републики.

Извозот на 11.459 тони цевки и профили е остварен на следниве пазари:

| Ред. Бр. | ДРЖАВИ | 2009 год. | | 2010 год. | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тони | % на учес. | тони | % на учес. | |
| 1 | Италија | 392 | 3 | 550 | 5 | 140 |
| 2 | Германија | 1.834 | 13 | 1.139 | 10 | 62 |
| 3 | Бугарија | 6.375 | 45 | 1.469 | 13 | 23 |
| 4 | Србија | 2.256 | 16 | 5.074 | 44 | 225 |
| 5 | Р. Хрватска | 997 | 7 | 951 | 8 | 95 |
| 6 | Босна и Херцеговина | 1.087 | 8 | 969 | 8 | 89 |
| 7 | Други земји | 1.142 | 8 | 1.307 | 12 | 114 |
| | **ВКУПНО** | **14.083** | **100** | **11.459** | **100** | **81** |

Извозот на цевки и профили во текот на 2010 година во однос на 2009 година покажува намалување за 19% со промена во структура по одделни земји.

Извозот во Бугарија е намален за 77% а во Германија за 38%. Со исклучок на Италија каде и покрај зголемување од 40% сепак извозот во однос на поранешните години е на многу ниско ниво, а единствен и најголем пораст е кај извозот во Србија и тоа дури за 125%. Во целокупниот извоз од 11.459 тона цевки и профили Србија учествува со 5.074 тони или 44%.

Извозот во Р. Хрватска е намален за 5%, во Босна и Херцеговина за 11% а извозот во останатите Европски земји е незначителен.

Од Менаџментот на Фабриката се очекува во текот на 2011 година да направи усилби од последиците на светската економска криза да излеземе со што е можно помали последици за да повторно, по стабилизирање на светската економија, се вратиме на старите пазари со тенденцијата за освојување нови.

На 31.12.2010 година залиха на готови производи изнесува 16.824 тони цевки и профили и во однос на 2009 година е намалена за 2%.

Во структура на залихи најголемо учество од 10.179 тони или 61% имаат средни цевки и профили, 5.376 тони или 32% мали цевки и профили и 1.268 тони или 7% надолжно заварени цевки од РЕ ВНЗЦ.

Како и во повеќето години наназад така и на крајот од 2010 година Фабриката немаше можност да располага со поголема залиха на трака и лим. Проблемот во снабдување со основниот репроматеријал, како поради неговиот недостиг на светскиот пазар и се понестабилни цени на истиот, се повеќе се јавува како лимитирачки фактор за поголемо производство на цевки и профили.

На 31.12.2010 година залиха на трака изнесува 1.101 тон и 292 тони лим.

Со оглед на сета сложеност и специфичност на условите и проблемите со кои Фабриката се соочуваше во своето работење како во претходните години така и во текот на 2010 година, сепак како резултат на големата ангажираност на раководството и вработените во неа, Фабриката успеа да оствари минимални но позитивни финансиски резултати, да ја одржи ликвидноста на завидно ниво, редовно да ги исплаќа платите на вработените заедно со сите придонеси и достасани обврски како и редовно да го исплаќа надоместокот на наши работници отидени како технолошки вишок и сето тоа во најголем дел Фабриката го подмируваше со сопствени средства.

ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕНИ ЕКОНОМКО-ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 И 2010 ГОДИНА

ден. - 000

| Ред. Бр. | ЕЛЕМЕНТИ | 2009 год. | | 2010 год. | | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Износ | струк. % | Износ | струк. % | |
| | *А. ПРИХОДИ* | | | | | |
| 1 | Приходи од продажба | 1.289.183 | 97 | 995.625 | 96 | 77 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 6.545 | 0.5 | 1.061 | - | 16 |
| 3 | Употребени сопствени производи | 6.635 | 0.5 | 487 | - | 7 |
| 4 | Финансиски приходи | 25.684 | 2 | 39.306 | 4 | 153 |
| | **ВКУПЕН ПРИХОД:** | **1.328.047** | **100** | **1.036.479** | **100** | **78** |
| | *Б. РАСХОДИ* | | | | | |
| 5 | Промена на залиха на готови производи и производство во тек | 11.680 | 1 | -213.527 | -20 | - |
| 6 | Потрошени материјали и ситен инвентор | 690.042 | 52 | 664.760 | 64 | 96 |
| 7 | Трошоци за вработени | 271.537 | 20 | 259.871 | 25 | 96 |
| 8 | Амортизација | 41.361 | 3 | 41.307 | 4 | 100 |
| 9 | Останати оперативни расходи | 54.874 | 4 | 65.290 | 6 | 119 |
| 10 | Набавна вредност на продадени стоки и услуги | 233.596 | 18 | 197.463 | 19 | 85 |
| 11 | Финансиски расходи | 23.106 | 2 | 19.623 | 2 | 85 |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **1.326.196** | **100** | **1.034.787** | **100** | **78** |
| 12 | Добивка пред оданочување (А – Б) | 1.851 | 100 | 1.692 | 100 | 91 |
| 13 | Данок на добивка | 596 | 32 | 472 | 28 | 79 |
| 14 | Добивка по оданочување (12 – 13) | 1.255 | 68 | 1.220 | 72 | 97 |
| 15 | Фонд за резерви | 277 | 22 | 254 | 21 | 92 |
| 16 | Нераспределена добивка | 978 | 78 | 966 | 79 | 99 |

Во деловната 2010 година Фабриката оствари вкупен приход во износ од 1.036.479.000,00 денари и во споредба со 2009 година истиот е помал за 22%, во најголем дел како резултат на намалена реализација во физички обем за 21%

Во структура на вкупниот приход најголемо е учеството на приходи од продажба со 96% и финансиски приходи со 4%.

Остварените приходи од продажба во 2010 година во однос на истите од 2009 година се помали за 23%, а финансиски приходи се поголеми за 53%.

Во текот на деловната 2010 година остварени се расходи во износ од 1.034.787.000,00 денари и во однос на 2009 година истите се намалени за 22% пред се како резултат на намалено производство за 8% во однос на претходната година.

Во остварениот вкупен приход вкупните расходи учествуваат со 99,84% а добивка пред оданочување со 0,16%.

Во структура на вкупните расходи најголемо учество имаат потрошени материјали со 64%, трошоци за вработени (бруто плата) со 25%, амортизација учествува со 4 %, останати оперативни расходи со 6%, набавна вредност на продадени стоки и услуги 19%, финансиски расходи 2% и промена на залиха на готови производи и производство во тек е минус 20%.

Потрошените материјали во 2010 година се за 4% помали во однос на истите од 2009 година.

Бруто платите, кои се составен дел на цената на чинење на нашите производи и се надоместуваат од остварениот вкупен приход, во текот на 2010 година исплатени се во износ од 259.871.000,00 денари. Во вкупно остварени расходи учествуваат со 25% и во однос на 2009 година се намалени за 4%.

Амортизација на основни средства е извршена со примена на законски пропишани стапки и е пресметана во износ од 41.307.000,00 денари и како фиксен трошок во вкупните расходи оваа година учествува со 4%.

Останатите оперативни расходи во износ од 65.290.000,00 денари во 2010 година се поголеми за 19% во однос на истите од 2009 година. Во структура на истите се останати трошоци од работење во кои спаѓаат останати нематеријални трошоци, трошоци за исхрана на работници и надомест за работници отидени како технолошки вишок, даноци и придонеси кои не зависат од резултатот, дневници за службени патувања, премии за осигурување, банкарски услуги и трошоци за платен промет, трошоци за репрезентација, дополнително утврдени трошоци од поранешни години и др.

Финансиски расходи односно расходи по основ камати и курсни разлики остварени се во износ од 19.623.000,00 денари, со учество од 2% во вкупните расходи и во однос на 2009 година се намалени за 15%.

Остварениот вкупен приход во износ од 1.036.479.000,00 денари ги покрива вкупните расходи од 1.034.787.000,00 денари при што е остварена добивка пред оданочување во износ од 1.692.000,00 денари која е за 9% помала во однос на истата остварена во 2009 година.

Од остварената добивка е платен данок на добивка во износ од 472.000,00 денари што е 15% од даночна основица (расходи - трошоци кои што не ги признава даночниот биланс) и е за 21% помалку од платениот данок во 2009 година.

Деловната 2010 година Фабриката ја заврши со нето добивка или добивка по оданочување во износ од 1.220.000,00 денари. Оваа нето добивка во однос на истата од 2009 година е пониска за 3% и во вкупниот приход учествува со 0,12%.

Од нето добивката 254.000,00 денари или 21% е изделено во фонд за резерви што според законот е задолжително издвојување а 966.000,00 денари или 79% останува како нераспределена добивка.

За да извештајот биде целосен потребно е да ја оцениме квалитативната компонента на финансиската состојба на Фабриката врз основа на анализа на билансот на состојбата.

Финансиската стабилност на Фабриката ќе ја оцениме преку показателите на финансиската сигурност, степен на самофинансирање, степен на покриеност на постојните средства, степен на задолженост и други показатели.

## ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНИОСТ ЗА 2010 ГОДИНА

1. Финансиска сигурност

$$\text{Финансиска сигурност} = \frac{\text{траен капитал}}{\text{вкупни извори на деловни средства}} = \frac{2.736.723.854}{3.016.467.939} = 91\%$$

2. Степен на самофинансирање

$$\text{Степен на самофинансирање} = \frac{\text{траен капитал + долгорочни резервирања - загуба}}{\text{нематеријални и материјални вложувања + залихи}} =$$

$$= \frac{2.736.723.854}{1.989.764.056} = 1,38$$

3. Степен на покриеност на нематер. и матер. влож.

$$\text{Степен на покриеност на нематер. и матер. влож.} = \frac{\text{траен капитал + долгорочни обврски}}{\text{нематеријални и материјални вложувања}}$$

$$= \frac{2.736.723.854}{835.361.790} = 3,28$$

4\. Степен на задолженост во однос на траен капитал = Вкупен долг х 100 / траен капитал = 277.530.232 х 100 / 2.736.723.854 = 10,14

5\. Степен на задолженост во однос на вкупни сред. = Вкупен долг х 100 / вкупни средства = 277.530.232 х100 / 3.016.467.939 = 9,20

| Ред. Бр. | П О З И Ц И Ј А | 2009 година | 2010 година | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Финасиска сигурност | 85,00 | 91,00 | 107 |
| 2 | Степен на самофинасирање | 1,42 | 1,38 | 97 |
| 3 | Степен на покриеност на нематеријални и материјални вложувања | 3,13 | 3,28 | 105 |
| 4 | Степен на задолженост во однос на траен капитал | 16,50 | 10,14 | 61 |
| 5 | Степен на задолженост во однос на вкупни стредства | 14,00 | 9,20 | 66 |

Финансиската сигурност изнесува 91% и е релативно висока во однос на граница од 100% а споредено со 2009 година истата е зголемена за 7%.

Степенот на самофинансирање изнесува 1,38 и покажува постоење на висока покриеност на вложувањата со сопствен капитал што за Фабриката е карактеристично во поголемиот период од нејзиното постоење а во однос на 2009 година степенот на самофинансирање е намален за 3%.

Степенот на покриеност на материјални и нематеријални вложувања со трајни и долгорочни извори изнесува 3,28 и во однос на 2009 година е повисок за 5% и покажува дека постојаните средства и голем дел од обртните средства се покриени со трајни и долгорочни извори на капитал.

Степенот на задолженост на Фабриката искажан преку односот на вкупниот долг и траен капитал во деловната 2010 година изнесува 10,14 и во споредба со 2009 година задолженоста на Фабриката е намалена за 39%.

Степенот на задолженоста на Фабриката искажан преку учеството на вкупниот долг во вкупните средства за 2010 година е 9,20 и во однос на 2009 година покажува намалување за 34%, што значи дека не постои ризик Фабриката да не може да ги измири своите достасани обврски.

Од сите погоре анализирани показатели на финансиската стабилност се гледа дека во 2010 годинаФабриката немаше поголеми проблеми со ликвидност што се гледа од фактот дека задолженоста на Фабриката е намалена во однос на минатата година.

Сепак ликвидноста на Фабриката најдобро можеме да ја оцениме преку показателите на моментална, тековна и општа ликвидност.

$$\text{1. Моментална ликвидност} = \frac{\text{парични средства + хартии од вр}}{\text{краткорочни обврски}} = \frac{142.929.233}{253.946.449} = 0,56$$

Показателот моментална ликвидност покажува колку краткорочни обврски можат да се покријат со расположивите парични средства и хартии од вредност на 31.12.2010 година. Овој показател изнесува 0,56 и покажува солидна солвентност на Фабриката бидејќи на 31.12.2010 година 56% од краткорочните обврски беа покриени со парични средства и хартии од вредност.

Треба да се има предвид дека овој показател ја покажува состојбата само на одреден ден што значи дека веќе следниот ден состојбата може да биде сосема поинаква па затоа ликвидноста можеме да ја оцениме и преку показателот на тековна ликвидност.

$$\text{2. Тековна ликвидност} = \frac{\text{Обртни средства – залихи}}{\text{краткорочни обврски}} = \frac{1.026.703.883}{253.946.449} = 4,04$$

Показателот тековна ликвидност претставува однос помеѓу обртни средства намалени за залихи и краткорочни обврски а ликвидноста е обезбедена во потполност доколку овој показател е еден (1) односно ликвидноста е во целост осигурана ако Фабриката краткорочните обврски во целост ги покрива со краткорочни обртни средства.

Во деловната 2010 година показателот тековна ликвидност изнесува 4,04 и покажува дека ликвидноста е во потполност осигурана а во споредба со 2009 година истата е зголемена за 39%.

$$\text{3. Општа ликвидност} = \frac{\text{Вкупни обртни средства}}{\text{краткорочни обврски}} = \frac{2.181.106.149}{253.946.449} = 8,59$$

Показателот општа ликвидност го покажува односот помеѓу вкупните обртни средства и краткорочните обврски.

Овој показател во 2010 година изнесува 8,59 и се оценува како релативно висок бидејќи е доста повисок од два (2) како што го бара традиционалното правило на финансирање, и во споредба со 2009 година покажува зголемување за 63%.

Во текот на деловната 2010 година Фабриката оствари вкупно расходи по единица производ (тон) во износ од 67.457,00 ден/тон и во споредба со 2009 година истите се намалени за 15% што пред се е резултат на рекордно ниското производство остварено во 2010 година.

На крајот можеме да резимираме дека уште по првите сигнали на светската економска криза во Фабриката се прават максимални напори за амортизирање на последиците од истата. Во борбата за надминување на кризата, Фабриката стана поцврста и научи како да опстои и да се спротивстави не само на надворешните влијанија, туку и на предизвиците на пазарот и жестоката, но често пати и нелојалната конкуренција во земјата и во странство.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ,

| | | |
|---|---|---|
| Благој Петрушевски | - Неизвршен директор | ____________ |
| Туше Гошев | - Неизвршен директор | ____________ |
| Владимир Гецов | - Неизвршен директор | ____________ |
| Бранислав Стојковиќ | - Неизвршен директор | ____________ |
| Саша Цветковиќ | - Неизвршен директор | ____________ |
| Слободан Богдановски | - Генерален директор | ____________ |
| Чедомир Петрушевиќ | - Извршен директор | ____________ |
| Јордан Спасовски | - Извршен директор | ____________ |